**ЈАВЕН КОНКУРС**

**за избор на надворешни соработници во стручните тимови за изработка на стандарди на струки/образовни сектори за техничкото образование (средно стручно образование и обука со четиригодишно траење)**

Центарот за стручно образование и обука во соработка со Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации на Министерството за образование и наука распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници во стручните тимови за изработка на стандарди на струки/образовни сектори за техничкото образование (средно стручно образование и обука со четиригодишно траење) во Република Македонија и тоа:

**1)** По еден соработник за секоја струка/сектор од редот на професори на факултетите, кои ги исполнуваат следните минимални услови:

- да имаат објавени стручни, односно научни трудови кои се од значење за соодветната струка и за унапредување на воспитанието и образованието.

**2)** По еден соработник за секоја струка/сектор од редот на наставниците од стручните училишта, кои ги исполнуваат следните минимални услови:

- да имаат најмалку три години работно искуство во стручното образование за соодветната струка.

Предност за избор ќе имаат надворешните соработници кои имаат учествувано во истражувачко - развојни проекти и/или имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири од областа на стручното образование.

Избраните надворешни соработници во стручниот тим за изработка на стандардите на струки/сектори ќе бидат дел од тимот на консултантската фирма која ќе се ангажира како носител на оваа активност во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации кој се финансира со заем од Светска банка а се имплементира преку Министерството за образование и наука.

Струки/образовни сектори за кои треба да се изготват стандарди се:

| | |
|---|---|
| 01 | Геологија, рударство и металургија |
| 02 | Градежништво и геодезија |
| 03 | Графичарство |
| 04 | Економија, право и трговија |
| 05 | Електротехника |
| 06 | Здравство и социјална заштита |
| 07 | Земјоделство, рибарство и ветеринарство |
| 08 | Лични услуги |
| 09 | Машинство |
| 10 | Сообраќај, транспорт и складирање |
| 11 | Текстил, кожа и слични производи |
| 12 | Угостителство и туризам |
| 13 | Хемија и технологија |
| 14 | Шумарство и обработка на дрво |

Кандидатите кои учествуваат на конкурсот треба да поднесат пријава во која точно ќе биде наведена позицијата за која се пријавуваат, кратка биографија и други документи со кои го докажуваат исполнувањето на погоренаведените критериуми (потврда за работен однос, работно искуство и сл.).

Пријавите кои ќе бидат некомплетни и ненавремени, нема да се разгледуваат. Конкурсот трае 8 (осум) дена несметајќи го денот на објавувањето .

Пријавите со потребната документација се доставуваат во архивата на Центарот за стручно образование и обука Скопје, или по пошта на адреса: бул.Гоце Делчев бр.18 Скопје, п.фах 290.

**Центар за стручно образование и обука**
**Скопје**